# Press Release


*OFFICE OF PUBLIC AFFAIRS*

***Bul. Ilinden b.b/1000 Skopje TEL: 3116 180;FAX 3118 431***


***To:*** ***Editor in Chief***
***Newsroom***

## АМБАСАДОРОТ ВИКТОРИЈА НУЛАНД ЌЕ СЕ ОБРАТИ НА ТЕМА "ГОДИНА НА МОЖНОСТИ ЗА БАЛКАНОТ"

8 ноември 2007

Меѓуресорска делегација од Владата на САД, предводена од амбасадорот Викторија Нуланд, постојан претставник на САД во Северноатлантскиот сојуз (НАТО), престојува во Македонија на 8 ноември, заради консултации со високи претставници од Владата и членови на Парламентот во врска со прогресот што Македонија го има постигнато во исполнувањето на стандардите наведени во Акциониот план за членство, и за други теми од билатерален интерес.

За време на посетата Амбасадорката Нуланд исто така ќе се обрати на собир, организиран од Македонско-американската алумни асоцијација (МААА), на тема: "Година на можности за Балканот." Настанот ќе се одржи на 8 ноември, на Електро-машинскиот факултет во Скопје, од 17:15 до 18:15. Поканети се претставници од власта, странски дипломати, членови на граѓанското општество, универзитетски студенти и медиумите.

Претставниците на медиумите, кои сакаат да го проследат настанот, треба да пристигнат не подицна од 17:00 часот на задниот влез на Факултетот и да ги покажат своите новинарски легитимации при влезот. За повеќе информации, јавете се во Канцеларијата за односи со јавноста на Амбасадата на САД, на тел.: 3116 180, лок. 2150 и 2126.

# # #